Д. 30.10. 69
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 22 октомври 1969
Скопје
Број 36 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 3,20 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**297.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ СУДСКИ ТАКСИ

Се прогласува Законот за републичките судски такси,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на општините, одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година.

Бр. 3140
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## З А К О Н
### ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ СУДСКИ ТАКСИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Пред Врховниот суд на Македонија, Вишиот стопански суд во Скопје, окружните судови и окружните стопански судови се плаќаат републички судски такси според одредбите на Основниот закон за судските такси („Службен лист на СФРЈ“ бр. 16/60, 10/65 и 9/69), одредбите на овој закон и Таксената тарифа која е составен дел на овој закон.

Член 2

Општинските таксени тарифи не можат да бидат повисоки од таксите пропишани со овој закон и неговата тарифа.

Член 3

Приходите од таксите според овој закон им се отстапуваат на општините.

Кога судските такси се плаќаат во готови пари приходите од таксите ѝ припаѓаат на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на судот, кој постапува во работата за која се плаќа такса.

Дел од приходите, во висина од 10%, од судските такси од претходниот став до 1975 година се издвојува за изградба, доградба, адаптација, поголеми поправки на судските згради и опрема за судовите, јавните обвинителства, КП дом и ВП домови и затворите.

Средствата од став 3 на овој член се водат на посебна сметка на Републиката, а ќе се користат според програмата што по предлог од Извршниот совет ќе ја донесе Собранието на СРМ.

### II. УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА ЗА НАПЛАТУВАЊЕ НА ТАКСА

Член 4

Вредноста за наплатување на такса (таксена основица) се утврдува според одредбите на член 17 до 37 од Основниот закон за судските такси, доколку со одредбите на овој закон не е поинаку определено.

Член 5

Во споровите во кои предмет на спорот е извршување на некое дејствие, или трпење, или несторување, или изјава на волја, или утврдување дали постои или не постои некое право или правен однос, или да се утврди вистинитоста, или невистинитоста на некоја исправа — како таксена основица се зема износот означен од тужителот во тужбата, но тој износ не може да биде помал од 500 динари.

Член 6

Во споровите за поништување на пресуда на избран суд како таксена основица се зема износот кој на странката ѝ е досуден, а ако тужбеното барање не се однесува на паричен износ, како таксена основица се зема вредноста означена од тужителот во тужбата.

Износот од претходниот став не може да биде помал од 500 динари.

Во споровите за прогласување престанок на важење на договор на избраниот суд (чл. 441 и 442 од Законот за паричната постапка) како таксена основица се зема износот од 1000 динари.

Член 7

Во другите спорови надвор од предвидените во член 5 и 6 од овој закон како таксена основица се зема:

1) во спорови за отказ на договор за наем или закуп на предмети — износ од 500 динари;

2) во спорови за отказ на договор за закуп на деловни простории или по тужби за иселување или за отказ на договор за користење на стан, едногодишен износ на закупнината;

3) во спорови поради смеќавање на владение — износ од 500 динари;

4) во спорови за чување и воспитување на деца, како и во спорови за утврдување или оспорување на татковство — износ од 100 динари;

5) во спорови за утврдување постоење или непостоење на брак, поништување или развод на брак — износ од 2000 динари.

Ако во бракоразводниот спор или во спорот за утврдување на татковство се расправа и по барање за издржување на дете или брачен другар, ќе се наплатува само една такса и тоа според вредноста на која се наплатува такса за бракоразводниот спор односно за спорот за утврдување на татковство;

6) во спорови за утврдување редот на првенството на побарувањата во извршната постапка — износ во висина на побарувањето, но не во износ поголем од 2000 динари;

7) во спорови за стварни и лични службености во износ од 800 динари;

8) во спорови за доживотно издржување — во износ од 400 динари.

Член 8

Ако во постапката се бара обезбедување на докази пред отпочнувањето на постапката како таксена основица се зема износот од 500 динари.

Член 9

Ако според одредбите на членовите 5, 6 и 7 на овој закон не може да се утврди таксена основица, ќе се наплатува такса и тоа:

— во спорови по кои одлучува окружен суд — износ од 2000 динари;

— во спорови по кои одлучува окружен стопански суд — износ од 5000 динари;

— во спорови по кои одлучува Вишиот стопански суд — износ од 10.000 динари.

Износот на таксите пропишани од општините за случаите од претходниот став не може да биде поголем од 500 динари.

Член 10

Во постапката за извршување на барање за издржување на дете таксената основица не може да изнесува повеќе од 50 динари.

Член 11

Кога барателот на извршувањето не ја означи вредноста на предметот за наплатување на такса, ниту е таа утврдена според претходните одредби, таксената основица изнесува 500 динари.

Член 12

Кога за плаќање на такса за правен лек се зема вредноста на спорот (барањето) за чие решавање во прв степен е надлежен општински суд, таксата за правниот лек се плаќа според таксената основица утврдена со општинските прописи за судските такси.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Ако таксената обврска за поднесоците, дејствијата и исправите настанала до денот на влегувањето во сила на овој закон, таксата се плаќа според таксената тарифа предвидена во Основниот закон за судските такси.

Ако до влегувањето во сила на овој закон е платена такса за дејствие кое ќе се изврши по влегување во сила на овој закон, нема да се плаќа разлика меѓу таксата предвидена со овој закон и таксата предвидена во Основниот закон за судските такси.

Член 14

Додека собранијата на општините, во смисла на член 7б од Основниот закон за судските такси, а во врска со член 2 од овој закон, не донесат прописи и тарифа за судски такси, ќе се применуваат одредбите на овој закон и неговата тарифа.

Општините што донеле таксени тарифи во кои се пропишани поголеми судски такси од таксите пропишани со овој закон и неговата тарифа, должни се да ги усогласат таксените тарифи со одредбите на овој закон и неговата тарифа најдоцна до 1 јануари 1970 година.

Член 15

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за републичките судски такси („Службен весник на СРМ" бр. 12/65), како и другите прописи што се во спротивност со овој закон.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 ноември 1969 година.

# ТАКСЕНА ТАРИФА

## I. ПРОЦЕСНА И ИЗВРШНА ПОСТАПКА

### 1. Поднесоци

Тар. бр. 1

(1) За тужба, за противтужба и за предлог за повторување на постапката се плаќа според вредноста на предметот на спорот, следната такса:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | до | 20 | дин. | 3 |
| над | 20 | „ | 50 | „ | 5 |
| „ | 50 | „ | 100 | „ | 10 |
| „ | 100 | „ | 200 | „ | 15 |
| „ | 200 | „ | 500 | „ | 25 |
| „ | 500 | „ | 1000 | „ | 50 |
| „ | 1000 | „ | 2000 | „ | 75 |
| „ | 2000 | „ | 3000 | „ | 100 |
| „ | 3000 | „ | 4000 | „ | 125 |
| „ | 4000 | „ | 5000 | „ | 150 |
| „ | 5000 | „ | 50000 | „ | |

На секој започнат динар над 5000 динари уште 1,5%. Над 50000 на секој започнат 1 дин. уште 1%, а најмногу 20.000 динари.

(2) За предлог за допуштање извршување или обезбедување или издавање на привремена мерка, за приговор против платен налог, за предлог за враќање во поранешна состојба, за предлог за обезбедување докази, за одговор на тужба и за одговор на жалба или ревизија, за приговор против налог за отказ на деловни простории, за отказ на договор за потстанарски однос или за тужба за иселување од потстанарски простории, за тужба поради смеќавање на владение од состанарски однос, се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

(3) За жалба или ревизија против пресуда и за жалба против решение во спорови поради смеќавање на владение се плаќа двојна такса од став 1 на овој тар. број.

(4) За жалба или ревизија против решение се плаќа такса од став 1 на овој тар. број.

Забелешка:

1. Кога обата брачни другари спогодбено бараат развод на брак (чл. 399 од Законот за процесната постапка), се плаќа само една такса за тужбата.

2. За тужби во кои е ставен предлог за издавање платен налог се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

3. Ако поднесоците се примени на записник кај судот вклучувајќи ги и оние што се примени на записник во текот на расправата, се плаќа такса предвидена за односниот поднесок. Нема да се наплатува посебна такса за препишување од тар. број 25 ако записникот требало да се состави во повеќе примероци.

4. Кога веќе во тужбата е ставен предлог за издавање привремена мерка односно наредба или кога во жалбата се стави предлог за враќање во поранешна состојба, покрај таксата за тужба односно жалба се плаќа и такса за односниот предлог, освен ако е предложено издавање на привремена мерка во споровите за развод на брак или во споровите за издржување на деца.

5. За предлог да се дозволи извршување или да се издаде привремена мерка односно наредба се плаќа една такса и кога се предлагаат повеќе средства за извршување односно обезбедување, без оглед дали истовремено или дополнително.

6. За предлог да се признае одлука на странски суд во статусните работи се плаќа такса во износ од 10 динари, а за жалба против решение донесено по предлогот — 20 динари.

7. За жалба против решение на првостепен суд се плаќа такса само ако со жалбата се побива решение што подлежи на плаќање такса според тар. број 2.

8. За жалба против решение со кое се усвојува или се одбива предлог за враќање во поранешна состојба се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број, но не повеќе од 30 динари.

9. За предлог за обид на порамнување (чл. 313 од Законот за процесната постапка) се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

10. Отказ на деловна просторија се смета како тужба во однос на наплатувањето на таксата. За овој отказ се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

11. За поднесоци што не се наведени во овој тар. број како и за прилози кон поднесоците не се плаќа такса.

## 2. Одлуки

### Тар. број 2

(1) За првостепена пресуда како и за решение во спорови поради смеќавање на владение се плаќа, според вредноста на предметот на спорот, таксата од став 1 на тар. број 1.

(2) За пресуда поради изостанок, како и за пресуда врз основа на признание донесена на подготвително рочиште односно на првото рочиште за главна расправа ако подготвително рочиште не е одржано, за пресуда во спорот за отказ на договор за потстанарски однос или во спорот за иселување од потстанарски простории и за решение во спорови поради смеќавање на владение од состанарски однос се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

(3) За решение за отфрлање на тужба кое се донесува по член 277 ст. 2 од Законот за процесната постапка или во текот на првостепената постапка, се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број, но не повеќе од 50 динари.

(4) За решение за издавање платен налог се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

(5) За решение по предлог за дозвола на извршување или обезбедување или привремена мерка односно наредба се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број, а ако ова решение се донесува врз основа на странски извршни исправи полна такса од став 1 на овој тар. број.

(6) За решение со кое се усвојува или одбива предлог за враќање во поранешна состојба, се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број, но не повеќе од 20 динари.

Забелешка:

1. Обврската за плаќање на такса за првостепена одлука не зависи од тоа дали одлуката станала правосилна.

2. За првостепени одлуки што не се воведени во овој тар. број како и за одлуки на судот од втор и трет степен не се плаќа такса.

3. Ако повисокиот суд ја укине одлуката на пониските суд и предметот го упати на повторно расправување на пониските суд, платената такса за укинатата одлука се засметува во таксата за новата одлука или за порамнување. Вака ќе се постапи и кога врховниот суд ќе го уважи барањето за заштита на законитоста (член 396 од Законот за процесната постапка). Исто така, ќе се засмета таксата платена за првостепена одлука што е укината по повод усвоениот предлог за враќање во поранешна состојба или на предлогот за повторување на постапката во таксата за новата одлука што ќе биде донесена по враќањето во поранешна состојба односно повторувањето на постапката. Ако при пресметувањето се утврди дека таксата платена за првата одлука е поголема од таксата што треба да се плати за втората одлука, нема да се враќа разликата на овие такси.

4. За дополнителна пресуда или решение нема да се плаќа такса ако за одлуката што е дополнета е платена такса според полната вредност на спорот.

5. Ако во текот на парницата е донесена меѓупресуда, се плаќа такса на полниот износ на вредноста на предметот на спорот. Во таков случај нема да се плаќа такса за конечната одлука што ќе биде донесена на меѓупресудата.

6. Ако во текот на парницата е донесена делумична пресуда, се плаќа такса, според вредноста на барањето за кое е одлучено. Такса за конечна одлука се плаќа според вредноста на остатокот на спорниот предмет што не е опфатен со делумичната пресуда.

7. Таксата за платен налог се засметува во таксата за одлуката на судот што ќе биде донесена по повод приговорот против платниот налог, односно во таксата за порамнување ако спорот не заврши со пресуда.

8. Такса за одлука по предлог за дозвола на извршување односно обезбедување или привремена мерка односно наредба, како и такса за одлука по повод на тужба во која е ставен предлог за издавање платен налог (чл. 426 и 427 од Законот за процесната постапка), се плаќа при поднесувањето на предлогот односно тужбата.

9. Такса од став 3 на овој тар. број не се плаќа за решение за отфрлување на тужба што ќе се донесе во текот на претходното испитување на тужбата (чл. 271 од Законот за процесната постапка).

10. За пресуда на суд од прв степен што е донесена во врска со противтужба се плаќа такса како да е за противтужбата посебно расправано.

11. Ако повеќе спорови се споени заради заедничко расправување, такса за пресудата се плаќа посебно за секој спор, како да не постои спојување на повеќе спорови.

12. За решение донесено по предлогот за признавање на одлука од странски суд во статусни работи се плаќа такса во износ од 20 динари.

## 3. Порамнувања

### Тар. број 3

За судско порамнување во текот на првостепената постапка се плаќа, според вредноста на која странките се спогодиле, половина од таксата од став 1 на тар. број 2.

Забелешка:

1. Ако со меѓупресуда е одлучено за основот на барањето, а потоа се склучи порамнување за износот на барањето, не се плаќа такса за порамнувањето.

2. За првиот препис од записникот за порамнување што и се издава на странката на нејзино барање, не се плаќа такса.

3. За порамнување склучено според чл. 313 од Законот за процесната постапка, не се плаќа такса според овој тар. број.

4. Ако предметот на порамнувањето не е проценлив, за порамнувањето се плаќа 20 динари.

## II. ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА

### Тар. број 4

(1) За предлог да се поведе постапка во вонпроцесна работа се плаќа 10 динари.

(2) За жалба против конечна одлука на судот од прв степен доколку со наредниот став од овој тар. број за одделни вонпроцесни работи не е определено поинаку, се плаќа 15 динари.

(3) За жалба против:

1. решение за наследување или за легат се плаќа 30 динари

2. одлука по предлогот некое лице наполно или делумично да се лиши од деловна способност се плаќа 10 динари

3. одлука по предлогот врз основа на член 23 ст. 2 од Основниот закон за односите меѓу родителите и децата да се прогласи дека детето е родено во брак се плаќа 10 динари

4. одлука по предлогот родителот да се лиши од родителското право, ако предлогот го поднесат роднините на тоа лице или другиот родител се плаќа 10 динари

5. одлука по предлогот да се издаде дозвола за стапување во брак според член 25 од Основниот закон за бракот се плаќа 30 динари

6. одлука по предлогот да се спроведе делба на заедничкиот имот се плаќа 50 динари

7. одлука по предлогот за уредување на меѓи се плаќа 30 динари

Забелешка:

1. Одредбите од забелешката 6 и 11 на Тарифниот број ќе се применуваат сходно и во вонпарничната постапка.

2. Не се плаќа такса за жалба под точка 2 став 3 ако ја поднесува лице лишено од деловна способност односно неговиот законски застапник или старател.

Тар. број 5

За конечна одлука на првостепениот суд во вонпроцесна работа се плаќа 10 динари.

Забелешка:

Одредбите од забелешката 1, 2 и 3 на Тарифниот број 2 ќе се применуваат сходно и во вонпарничната постапка.

Тар. број 6

За судско порамнување во сите вонпроцесни работи се плаќа таксата предвидена во тар. бр. 3.

## III. УПИС ВО ИНТАБУЛАЦИОНИ ТАПИСКИ КНИГИ

### 1. Упис во интабулациони книги

Тар. бр. 7

(1) За поднесок со кој се бара ставање или бришење на интабулација, надинтабулација или прибелешка, се плаќа:

1. Ако вредноста на правото што треба да се запише или да се брише

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| не преминува | | | 100 | дин. | 1,50 дин. |
| над | 100 | до | 500 | „ | 10 |
| „ | 500 | „ | 1500 | „ | 15 |
| „ | 1000 | „ | 5000 | „ | 20 |
| „ | 5000 | „ | | | 25 |

2. Ако вредноста на правото што треба да се запише или да се брише не е проценлива, или ако се бара упис или бришење само на забележба 5 динари.

(2) За жалба против одлука на судот од прв степен се плаќа 10 динари.

Забелешка:

1. Таксата за упис е должно да ја плати лицето во чија полза се врши уписот. Ако упис бара лице чие право се ограничува, оптоварува, укинува или се пренесува на друго лице, и тоа гарантира за плаќањето на таксата солидарно со лицето во чија полза се врши уписот.

2. Такса се плаќа и ако уписот се врши по службена должност, ако не се работи за упис што е ослободен од такса (забелешка 8 кон овој тар. број).

3. Ако врз основа на една молба се запишуваат повеќе права во полза на едно исто лице кај ист суд, такса се плаќа според вкупната вредност на овие права во моментот на запишувањето.

4. Кога се запишуваат побарувања, таксата се одмерува според износот на побарувањето со сите споредни побарувања (камата, стасани трошоци и др.), сметајќи го интересот до денот на предавањето на молбата за упис, ако е означен износот на овие побарувања или процентот од главницата.

5. Таксата за упис се плаќа и кога уписот се врши во текот на процесната, вонпроцесната или извршната постапка.

6. Ако уписот на укнижбата или предбележбата со одлука на повисокиот суд во целост или делумично се укине или се измени, се враќа по барање, вкупната платена такса односно нејзиниот сразмерен дел.

7. Таксата за упис според овој тар. број се плаќа со таксата за поднесокот и се лепи на самиот поднесок.

Ако оваа такса не е платена со поднесокот со кој се бара упис, судот по извршениот упис ќе постапи според член 38 ст. 3 од овој закон.

8. Не се плаќа такса за следните уписи:

1) за упис на оправдувањето на предбележбата,

2) за наполно или делумично бришење на некое запишано право,

3) за службени дејствија во постапката за уредување, основање и исправување, на интабулациони книги, освен ако грешката настанала по вина на титуларот на правото, како и за усогласување на интабулационите книги со фактичката положба. Во овие постапки ослободувањето се однесува на сите поднесоци, влошки и прилози, молби за издавање на катастарски планови и поседовни листови, разни уверенија и заверувања на преписи.

Ова ослободување важи и за постапката за обновување на уништени интабулациони книги, ако со веродостојна исправа се утврди дека уписот порано бил спроведен и дека, според тоа, била платена таксата за тој упис.

4) за повторен упис на исто, макар делумно и изгаснато право поради процесна или извршна постапка во полза на исто лице. Ако вредноста на повторно запишаното право е поголема, на вишокот на вредноста се плаќа пропишаната такса;

5) за упис на исто право, макар делумно и изгаснато на повеќе недвижности што се водат во книгите на еден суд или повеќе судови; за пренос на исто право од една недвижност на друга недвижност на ист сопственик; за ограничување или стеснување на исто право на еден дел на иста недвижност; за проширување на исто право и врз други недвижности на ист сопственик; за проширување на заедничка гаранција врз одделни интабулациони тела. Ова ослободување важи само ако не настапиле промени во поглед на обемот на правото или на овластеното лице.

6) За спроведување на делба на правото на сопственост или на правото на службеност на плодоуживање, ако делбениците биле запишани како сопственици на тие права. Ова ослободување важи и во случај на делба на семејните (куќни) задруги на задругарите, ако во интабулационите книги задругата била запишана како сопственик;

7) за упис врз основа на решение за наследување;

8) за упис на заложно право врз недвижности на гарантот, ако тоа право е веќе запишано и врз недвижностите на главниот должник иако за тој упис е платена такса;

9) за сите уписи во полза на општествено-политичките заедници;

10) за забележба на привремена управа определена во текот на постапката на присилната јавна продажба, како и за забележба на присилна управа определена наместо присилна јавна продажба;

11) за дополнителен упис на сосопственост на брачни другари врз основа на судска одлука, ако еден од брачните другари е запишан како сопственик во интабулационите книги, како и за упис со кој се означува идеален дел на секој брачен другар врз недвижности што се во нивна сосопственост;

12) за сите уписи во интабулационите книги во полза на граѓани врз основа на Законот за аграрната реформа и колонизација, Законот за селскостопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот, Законот за национализација на наемните згради и градежното земјиште и Уредбата за постапката при спроведување на национализацијата на наемните згради и градежното земјиште;

13) за сите уписи во полза на граѓани во врска со размената на земјиште со цел за арондација како и врз основа на Законот за експропријација;

14) за упис на заложно право на паричните заводи или на работните организации за заеми на работниците за изградба, адаптација или купување на станови.

9. Ослободувањето од точка 4, 5 и 6 од Забелешката 8 важи само ако е платена таксата за првиот упис.

Тар. бр. 8

1) За упис на интабулација, надинтабулација, прибелешка, се плаќа од вредноста на правото 2%.

2) За упис на забележба на присилна управа и на дозвола на присилна продажба, ако за иста барачка веќе не е запишана интабулација (заложно право) на недвижноста која е предмет на присилна управа или продажба, се плаќа од вредноста на доверителовото барање 1%.

Вака платената такса се засметува во таксата што треба да се плати за дополнителен упис на интабулација (заложно право) поради исто побарување — ако таков упис се побара пред бришењето на односната забележба.

3) За упис на другите забележби што според важечките прописи можат да се запишат во интабулационите книги се плаќа 15 динари.

4) За пропуштање на интабулација се плаќа 15 динари.

Забелешка:

Забелешката кон тар. број 7 согласно ќе се применува и кон овој тар. број.

**2. Уписи во таписки книги**

Тар. бр. 9

1) За поднесок со кој се бара пренос на тапија, се плаќа таксата од став 1 на тар. број 7.

2) За поднесок со кој се бара упис или бришење на носителот на правото на користење или правото на користење врз општествен имот, се плаќа 10 динари.

3) За жалба против одлука на суд од прв степен, се плаќа 10 динари.

Тар. бр. 10

1) За упис на потврдена тапија во книгата на тапии, како и за упис на правото на сопственост по пат на пренос на тапија врз ист или врз нов сопственик, се плаќа од вредност 2%.

2) За упис на потврдена тапија во книгата на тапиите како и за упис на правото на сопственост по пат на пренос на тапија врз ист или нов сопственик, ако основ за здобивање врз основа на кој треба да се изврши упис е договор за подарок, се плаќа од вредноста 1%.

3) За упис на здобивање на други стварни права (стварна службеност, продолжување или на нив слични права), се плаќа:

1. ако предметот на правото е проценлив, од вредноста 2%,

2. ако предметот на правото не е проценлив се плаќа 10 динари.

4) За упис на носителот на правото на користење или на правото на користење врз општествен имот, како и за другите уписи во книгите на тапиите, се плаќа 50 динари.

Забелешка:

1. Кога сопственикот на недвижноста што е веќе запишана во книгата на тапиите бара од судот еден дел од недвижноста да се издвои и за издвоениот дел да му се издаде посебна тапија, покрај таксата за поднесокот се плаќа уште 1% од вредноста на делот што се издвојува. Но ако судот на купувачот му издава нова тапија, а старата (оригиналната) ја намалува за продадениот дел, се плаќа такса и за поднесокот од став 1 на тар. број 9 и такса за упис на преносот од став 1 на овој тар. број.

2. Не се плаќа такса:

1) за дејствија во постапката околу издавањето на тапии во краишта каде што нема земјишни книги. Во оваа постапка ослободувањето се однесува на сите поднесоци, барања, прилози, молби за издавање на катастарски планови и поседовни листови, разни уверенија, заверување на преписи и потврди на тапии;

2) За дејствија во постапката за обновување на уништени таписки книги, ако со веродостојна исправа се утврди дека уписот порано бил спроведен и дека, според тоа, била платена такса за тој упис.

3) Забелешките кон тар. број 7 согласно ќе се применуваат и кај овој тар. број.

## IV. ТАКСИ ВО ПОСТАПКАТА НА СТЕЧАЈ НАД ПРЕТПРИЈАТИЕ ИЛИ НАД ИМОТ НА ИМАТЕЛИ НА ДУЌАНИ И ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРИСИЛНО ПОРАМНУВАЊЕ

**1. Поднесоци**

Тар. бр. 11

(1) За предлог да се отвори постапка за присилно порамнување вон стечајна постапка меѓу претпријатија односно иматели на дуќани и нивните доверители и за предлог да се отвори постапка за присилно порамнување во текот на стечајната постапка се плаќа 10 динари.

(2) За предлог да се отвори стечај над претпријатие односно имотот на имател на дуќан се плаќа 10 динари.

(3) За пријава на доверителите во постапката на стечајот се плаќа според вредноста на побарувањето:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | до | 50 | дин. вред. | 5 |
| над | 50 | „ | 250 | „ | 10 |
| „ | 250 | „ | 1000 | „ | 15 |
| „ | 1000 | „ | 5000 | „ | 20 |
| „ | 5000 | „ | | | 25 |

(4) За пријава на доверителите во постапката за присилно порамнување се плаќа половина од таксата од претходниот став, но не помалку од 5 динари.

(5) За жалба против одлука на стечајниот совет во стечајната постапка односно советот на порамнувањето во постапката за присилно порамнување се плаќа 50 динари.

Забелешка:

1. Како основ за плаќање такса на пријави од доверители се зема износот на побарувањето што го пријавува доверителот. Притоа ќе се зема дека условенсто побарување не е условено. Ако еден доверител пријави повеќе побарувања таксата се плаќа на вкупниот износ на тие побарувања. Ако доверителот дополнително го намали пријавеното побарување таксата се плаќа според висината на намаленото побарување од моментот на намалувањето.

2. Такса не се плаќа:

1) за поднесоци од стечајниот управник,

2) за поднесоци што не се означени во овој тар. број и за прилози кон поднесоците;

3) такса по овој тар. број и тар. број 9 се плаќа и во постапката на стечај над установа и во постапката за присилно порамнување меѓу установата и нејзините доверители.

**3. Паушална такса**

Тар. бр. 12

Паушална такса се плаќа:

1) Во стечајната постапка и во постапката за присилно порамнување во текот на стечајот, од вкупните износи што се употребени или стојат на располагање за подмирување на долговите на стечајната маса — 2%.

2) Во постапката за присилно порамнување од вкупните износи за кои е постигнато порамнување... 1%.

Забелешка:

1. Паушалната такса се смета како долг на стечајната маса. Оваа такса е должен да ја положи стечајниот управник по правосилноста на одлуката за главната делба.

2. Ако е преземена санација на претпријатието во текот на стечајната постапка, се плаќа половина од паушалната такса од овој тар. број. Оваа такса е должен да ја пресмета и положи присилниот управник ако е формирана присилна управа. Ако не е формирана присилна управа, таксата е должно да ја плати самото претпријатие за кое е преземена санацијата. Оваа такса се плаќа според гарантираниот износ на санаторот.

3. Паушалната такса за присилно порамнување ја плаќа претпријатието односно имателот на дуќан во чија полза е одобрено порамнувањето.

4. Паушалната такса според овој тар. број се плаќа во рок од 15 дена од денот на доставувањето на налогот за плаќање на таксата во смисла на член 38 ст. 3 од Основниот закон за судските такси.

## V. УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И РЕГИСТАРОТ НА УСТАНОВИТЕ

**1. Поднесоци**

Тар. бр. 13

За поднесок за упис во регистарот на стопанските организации и во регистарот на установите се плаќа 10 динари.

Забелешка:

1. Такса според овој тар. број не се плаќа за поднесок со кој се пријавува упис за отворање на постапка за присилно порамнување односно отворање на стечајна постапка.

2. Ако со еден поднесок се бараат повеќе уписи за иста стопанска организација односно установа, се плаќа само една такса од овој тар. број.

3. За поднесоци што не се означени во овој тар. број како и за прилози кон поднесоците не се плаќа такса.

**2. Упис во регистар**

Тар. број 14

(1) За упис на акт за основање на стопанска организација се плаќа 100 динари.

(2) За упис на одобрение за конституирање се плаќа 10 динари.

(3) За упис на лице овластено за потпишување на фирмата, без оглед дали се врши промена на веќе запишаните лица или не, се плаќа за секое лице по 10 динари.

(4) За упис на промена на фирма се плаќа 40 динари.

(5) За упис на секоја настаната промена на запишаните податоци во регистарот се плаќа 10 динари.

Забелешка:

1. Кога повеќе стопански организации се соединуваат во една, покрај таксата за поднесок, се плаќа и такса за упис на соединувањето, според став 5 на овој тар. број за секоја соединета стопанска организација, а за запишување на новоснована стопанска организација се плаќа таксата според тар. број 13 и 14 став 1 до 3.

2. Кога седиштето на стопанската организација се преместува на подрачјето на ист стопански суд, се плаќа соодветна такса од тар. број 30, како и од став 5 на овој тар. број.

Кога седиштето на стопанската организација се преместува од подрачјето на еден на подрачјето на друг суд, кај судот на новото седиште се плаќа такса како при регистрација на новооснована стопанска организација.

3. За упис на присилна управа или отворање на постапка за присилно порамнување односно отворање на стечајна постапка не се плаќа такса.

4. Ако со еден поднесок се бараат повеќе уписи, се плаќа такса за секој упис посебно.

5. За упис на промена на директор се плаќа само таксата од став 5 на овој тар. број.

6. Таксата од став 3 на овој тар. број се плаќа само ако уписот на лицата овластени за потпишување на фирмата се бара по уписот на актот за основање на стопанската организација.

7. Одредбите од став (1) до (5) на овој тар. број и забелешките кон овој тар. број согласно ќе се применуваат и на установите односно деловните здруженија на установите и заедниците на установите.

**3. Упис на работни единици**

Тар. бр. 15

За поднесок за упис на работна единица на стопанска организација се плаќа половина од таксата од тар. број 13 и 14.

Забелешка:

1. Ако истовремено се бара упис на повеќе работни единици, за секоја единица се плаќа посебна такса според овој тар. број.

2. Кога повеќе стопански организации што имаат работни единици се соединуваат во една, не се плаќа такса од овој тар. број.

3. Одредбите од овој тар. број согласно се применуваат и за упис на работни единици на установа.

### 4. Објавување

Тар. бр. 16

За доставување на запишани податоци заради објавување во „Службен весник“ се плаќа 10 динари.

Забелешка:

За објавување на податоци чие запишување е барано со еден поднесок се плаќа само една такса од овој тар. број.

## VI. КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПО ПРИВАТНА ТУЖБА

### 1. Поднесоци

Тар. бр. 17

(1) За приватна тужба и за противтужба се плаќа 10 динари.

(2) За предлог за враќање во поранешна состојба се плаќа 10 динари.

(3) За жалба против пресуда на суд од прв степен и за жалба против решение со кое се изречува судска опомена се плаќа 30 динари.

(4) За барање за повторување на кривична постапка се плаќа 20 динари.

Забелешка:

1. Ако кривичната постапка се води заеднички (член 31 од Законикот за кривичната постапка), нема влијание врз таксата тоа што еден поднесок се однесува на повеќе приватни тужители или на повеќе обвинети, како и што поднесокот го поднесуваат повеќе приватни тужители или повеќе обвинети или што поднесокот опфаќа повеќе кривични дела на еден обвинет.

2. За поднесок со кој кривичната постапка се проширува на други кривични дела на ист обвинет, за кој се гони по приватна тужба, се плаќа такса според став 1 на овој тар. број.

3. За поднесоци што не се наведени во овој тар. број како и за прилозите кон поднесоците, не се плаќа такса.

### 2. Одлука

Тар. бр. 18

За пресуда на суд од прв степен и за решение со кое се изрекува судска опомена се плаќа 20 динари.

Забелешка:

1. Такса за првостепена пресуда се плаќа само еднаш, без оглед на бројот на приватните тужители и на бројот на кривичните дела што се опфатени со една пресуда.

2. Ако за повеќе кривични дела на едно исто лице поради раздвојување на постапката (чл. 32 од Законот за кривичната постапка) се донесени пресуди од страна на ист суд, се плаќа такса за пресуда само еднаш.

3. Ако со пресуда е одбиена тужбата поради ненадлежност на судот, платената такса за оваа пресуда ќе се засмета во таксата за пресудата на надлежниот суд. Но ако таксата која се засметува е поголема, вишокот нема да се враќа. Ако пресудата поради жалба, предлог за враќање во поранешна состојба или за повторување на кривичната постапка се укине, таксата платена за укинатата пресуда ќе се засмета во таксата за новата првостепена пресуда.

4. За првостепени одлуки што не се наведени во овој тар. број и за одлуки на судот од втор степен не се плаќа такса.

### 3. Кривична постапка според Законот за печатот и другите видови на информации

Тар. бр. 19

Во постапката според Законот за печатот и другите видови на информации се плаќаат такси предвидени во Тар. броеви 17 и 18 од оваа тарифа во двоен износ.

## VII. ПОСТАПКА ВО УПРАВНИ СПОРОВИ

### 1. Поднесоци

Тар. бр. 20

(1) За тужба против управен акт се плаќа 15 динари.

(2) За жалба против одлука на првостепен суд се плаќа 15 динари.

(3) За тужба за обнова на постапка се плаќа 20 динари.

Забелешка:

1. За предлог да се издаде решение со кое се заменува управен акт и за други поднесоци што не се наведени во овој тар. број, како и за прилози кон поднесоците, не се плаќа такса.

2. Според овој тар. број се плаќа такса и во управно-сметковен спор.

3. Во споровите по девизни работи се плаќа такса зголемена за 50%.

4. Такса по овој тар. број не се плаќа во работите од работен однос.

5. По став 1 од овој тар. број се плаќа такса и за барање од чл. 20 од Законот за управни спорови.

### 2. Судски одлуки

Тар. бр. 21

За пресуда во постапката во управен спор се плаќа:

1) кога предметот на спорот е проценлив, од вредноста на спорниот предмет 1%, но најмногу 200 динари.

2) кога предметот на спорот не е проценлив 15 динари.

Забелешка:

1. Таксата од точка прва од овој тар. број не може да биде помала од 15 динари.

2. Ако предметот на спорот делумно е проценлив а делумно е непроценлив, такса се плаќа како да е предметот проценлив.

Кога се во прашање инвалидски работи, работи од социјалното осигурување, старателството, посвојувањето и социјалната помош, такса за пресуда се плаќа како за предмет од непроценлива вредност.

3. Во спорови по девизни работи се плаќа такса за пресуда зголемена за 50%.

4. На овој тар. број се плаќа такса и за одлука во управно-сметковен спор.

5. Такса по овој тар. број не се плаќа во работите од работен однос.

6. За одлуки што не се наведени во овој тар. број не се плаќа такса.

## VIII. ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

### 1. Судски уверенија и потврди

Тар. бр. 22

(1) За поднесок со кој се бара издавање на уверение се плаќа 1 динар.

(2) За уверение се плаќа 5 динари.

Забелешка:

1. Ако со едно уверение се посведочуваат повеќе факти, особини, односи или околности се плаќа една такса.

2. За потврда дека таксата е платена издадена во форма на уверение се плаќа такса според овој тар. број. Не се плаќа никаква такса ако се издава само признаница за платената такса.

3. Не се плаќа такса од овој тар. број за потврди што ги издава судот на странката, сведокот, вештакот или толкувачот дека присуствувале на рочиштето, ако тие биле должни да присуствуваат и ако таа потврда им служи исклучиво за оправдување на изостанокот од служба или работа.

4. За потврда на правосилност или извршност која се става на судски отправок не се плаќа такса.

5. На такса од став 1 од овој тар. број подлежат и телефонските поднесоци како и секој дополнителен поднесок со кој се дополнува или се менува првобитниот поднесок.

6. Такса за уверение се лепи на самиот поднесок со кој се бара издавање на уверение.

7. Ако уверението се издава во два или повеќе примероци, за вториот и секој натамошен примерок се плаќа половина од таксата од овој тарифен број.

8. За поднесок со кој се бара издавање на уверение заради остварување право на додаток на деца или заради остварување право од здравствено, инвалидско или пензионо осигурување како и за самото уверение, не се плаќа такса по овој тар. број.

### 2. Полномошно

Тар. бр. 23

(1) За издавање на усно полномошно на записник пред суд се плаќа 3 динари.

(2) За усно отповикување или отказ на полномошно пред суд се плаќа 2 динари.

(3) За судско известување за отповик или отказ на полномошно се плаќа 3 динари.

Забелешка:

1. Ако повеќе лица овластени за потпишување на правно лице му издаваат полномошно на еден застапник, се плаќа такса за едно полномошно.

2. Не се плаќа такса за писмено полномошно што му се поднесува незаверено на судот за доказ за застапување.

3. Не се плаќа такса од овој тар. број за издавање на усно полномошно на записник пред судот во кривичната постапка за дела за кои се гони по службена должност и во постапка по стопански престапи.

4. Таксата според овој тар. број се лепи на судскиот записник.

5. За издавање на усно полномошно според ставот 1 на овој тар. број, се плаќа една такса и кога повеќе лица истовремено му издаваат полномошно на едно лице или на поголем број лица.

### 3. Разгледување на списи

Тар. бр. 24

За разгледување на судски списи се плаќа 3 динари.

Забелешка:

1. Не се плаќа такса за разгледување на списи по кои постапката е во тек, ако списите ги разгледува странка или нејзин застапник, односно полномошник.

2. Оваа такса се лепи на самиот спис кој се разгледува, а судскиот службеник потврдува дека списот е разгледан.

3. За писмено или усно барање да се дозволи разгледување на спис, не се плаќа такса.

### 4. Преписи

Тар. бр. 25

(1) За препишување на судски акти, како и за препишување на акти од збирка на исправи, што ги извршил судот по барање од странката, се плаќа од полутабак на оригиналот 4 динари.

(2) Ако истовремено судскиот препис се заверува, се плаќа 3 динари.

Забелешка:

1. За писмено или усно барање да се изврши препишување, се плаќа такса според став 1 на тар. бр. 22.

2. Таксата за препис се лепи на самата молба со која е барано препишување, а во случај на усна молба — на списот. На ист начин се постапува и во однос на лепењето на таксата за самата молба.

3. Под полутабак се подразбира лист од хартија од две страни нормална канцелариска големина. Започнатиот полутабак се смета како цел полутабак.

4. Ако препишувањето се врши на странски јазик, таксата од овој тар. број се зголемува за 30%.

5. За препис на расправниот записник кој е изготвен истовремено со составувањето на самиот изворник (со индиго) се плаќа половина од таксата од став 1 на овој тар. број.

### 5. Изводи од јавни книги

Тар. бр. 26

За изводи од регистарот на стопанските организации, регистарот на установите, од земјишните книги или од други јавни книги што ги водат судовите, ако се издаваат на барање од странката се плаќа од полутабак 4 динари.

Забелешка:

1. Кога изводот го составила самата странка и му го поднела на судот на потврда, се плаќа половина од таксата од овој тар. број.

2. За писмено и усно барање на странката да и се издаде извод не се плаќа такса.

3. За изводи од земјишни и други јавни книги за недвижности што се издаваат на странките за остварување правото на додаток на деца или заради остварување правото од здравствено, инвалидско или пензиско осигурување не се плаќа такса по овој тар. број.

### 6. Судски депозит

Тар. бр. 27

За чување (депозит) на пари, предмети и хартии од вредност по барање од странката се плаќа годишно од секои започнати 100 динари од вредноста 0,50 динари.

Забелешка:

1. Оваа такса не се плаќа на депозит што се полага по барање од државни органи, ако се подигне во рокот.

2. Таксата се плаќа за првата година однапред, а за другите години при подигањето на депозитот. Започнатата година се смета како цела. Во случај на пренос на депозитот од еден во друг суд, а по барање од депонентот, за пренос се плаќа износот на едногодишната такса.

3. Ако вредноста на предметите не може да се процени според нивната природа, ќе се изврши процена од страна на вештаци на трошок на депонентот.

**7. Протести**

Тар. бр. 28

(1) За молба (усна или писмена) за протест на меница, чек и други исправи или договори поради неакцептирање, неисплатување или неисполнување, се плаќа 2 динари.

(2) За протест се плаќа според вредноста и тоа:

| | | Се предлага | Досегашна такса |
|---|---|---|---|
| | до 50 дин. | | 1 дин. |
| Над | 50 „ 500 „ | 5 | 1,50 „ |
| „ | 500 „ 1000 „ | 10 | 3 „ |
| „ | 1000 „ 5000 „ | 15 | 5 „ |
| „ | 5000 „ | 20 | 8 „ |

Забелешка:

1. Такса од овој тар. број се плаќа на протести што се поднесуваат според прописите за меницата и чекот, како и на замени на протести. Таксата за протест се лепи на самата-молба со која е баран протест, а во случај на усна молба — на преписот на протестот што останува кај судот. На ист начин се постапува во однос на лепењето на таксата за самата молба.

2. Ако со една молба се бараат повеќе протести односно замена на протести, се плаќа една такса за молбата, но и во тој случај се плаќа посебна такса за секој протест односно замена на протестот.

**8. Правна помош**

Тар. бр. 29

(1) За поднесок кој се предава усно на записник пред судот, се плаќа такса предвидена во тарифата за односниот поднесок.

(2) За составување пред судот договор во интабулационите или таписките работи, се плаќа:

1) Според вредноста:

| | | |
|---|---|---|
| | до 100 дин. | 5 |
| над | 100 „ 500 „ | 10 |
| „ | 500 „ 1500 „ | 20 |
| „ | 1500 „ 2500 „ | 30 |

На вишокот над 2500 дин. 1%, а најмногу 200 д.

2) Ако вредноста на договорот е непроценлива 10 динари.

Забелешка:

1. Покрај таксата од став 2 на овој тар. број се плаќа и такса за односниот поднесок, како и такса за упис во земјишната книга односно во интабулационите или таписките книги, ако истовремено со составувањето на договорот се бара и упис.

2. При составувањето на договор според став 2 на овој тар. број не се плаќа и такса за заверка на потписите.

**9. Други предмети**

Тар. бр. 30

(1) За предлог на странката судот да определи судија или претседател на избраниот суд (чл. 441 ст. 1 и 2 од Законот за процесната постапка) се плаќа 10 динари.

(2) За предлог за изземање на судија на избраниот суд (чл. 443 од законот за процесната постапка) се плаќа 10 динари.

(3) За ставање потврда за правосилност и извршност на пресуда на избраниот суд се плаќа 30 динари.

Забелешка:

Не се плаќа таксата од став 1 на овој тар. број ако предлогот за назначување претседател на избраниот суд го поднел избран судија (чл. 441 ст. 2 од Законот за процесната постапка).

Тар. бр. 31

За опомена со која некој се повикува да плати такса што бил должен да ја плати и без опомена се плаќа 3 динари.

---

**298.**

Врз основа на член 144 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ И СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ЈАВНАТА ДИСКУСИЈА ЗА ДОГРАДБА НА СИСТЕМОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Се образува Заедничка комисија на Републичкиот и Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ за организирање и следење на јавната дискусија по Предлогот за доградба на системот за пензиското и инвалидското осигурување утврден од Сојузната скупштина (заедничка комисија).

II

Заедничката комисија ќе се грижи за организирање и следење на јавната дискусија за доградба на системот на пензиското и инвалидското осигурување во соработка со заинтересираните органи и организации.

III

Заедничката комисија изнесените предлози и мислења во јавната дискусија ќе ги разгледува и врз основа на нив ќе им поднесува извештаи на соборите.

Конечниот извештај ќе им го поднесе на соборите најдоцна до 15 април 1970 година.

IV

Заедничката комисија се состои од претседател и 22 члена и тоа: 11 пратеници на Собранието на СРМ и 5 функционери на републичката управа и во Собранието на СРМ.

Свои претставници делегираат: Стопанската комора на Македонија 1, Републичката конференција на ССРНМ 1, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија 1, Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите и инвалидите на трудот на СР Македонија 1, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ за Македонија 1, Републичката конференција на Сојузот на младината на Македонија 1 и Републичката заедница за социјално осигурување на работниците 1.

Секретар на Заедничката комисија е секретарот на Одборот за труд и трудови односи на Републичкиот собор.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3147
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**299.**

Врз основа на точка IV од Одлуката за образување на Заедничка комисија на Републичкиот и Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ за организирање и следење на јавната дискусија за доградба на системот на пензиското и инвалидското осигурување, Собранието на СРМ, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ И СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ЈАВНАТА ДИСКУСИЈА ЗА ДОГРАДБА НА СИСТЕМОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I. За претседател на Заедничката комисија се избира Ванчо Цветковски, пратеник на Републичкиот собор.

II. За членови се избират:

а) од редот на пратениците на Собранието:

1. Милка Таќева-Григоријевиќ, пратеник во Републичкиот собор;
2. Миле Колев, пратеник во Републичкиот собор;
3. Добри Глигоров, пратеник во Републичкиот собор;
4. Панче Ајдински, пратеник во Републичкиот собор;
5. Гога Георгиевски пратеник во Републичкиот собор;
6. Младен Павловски, пратеник во Републичкиот собор;
7. Орде Кузмановски пратеник во Социјално-здравствениот собор;
8. д-р Владо Попов, пратеник во Социјално-здравствениот собор;
9. д-р Мифтар Курти, пратеник во Социјално-здравствениот собор;
10. д-р Станка Гонева, пратеник во Социјално-здравствениот собор;

б) од редот на функционерите на Републичката управа и Собранието на СРМ;

1. Михајло Керамитчиев, функционер во Собранието;
2. Димитар Герасимовски, функционер во Собранието на СРМ;
3. Александар Донев, потсекретар во Републичкиот секретаријат за труд;
4. Рифат Вела потсекретар во Републичкиот секретаријат за здравје и социјална политика;
5. Драган Христов, помошник директор во Републичкиот завод за социјално осигурување.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3144
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**300.**

Врз основа на член 34 став 3 од Законот за републичката управа, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор и на седницата на Соборот на општините, одржани на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ВЕРСКИ ПРАШАЊА

I. Во Републичката комисија за верски прашања се именуваат:

а) За претседател:

АНТЕ ПОПОВСКИ, член на Извршниот совет.

б) За членови:

1. ШУКРИ РАМО, претседател на Одборот за буџет и фондови на Републичкиот собор;
2. БЛАГОЈ МИХОВ, секретар на Секретаријатот за информации;
3. МИЛАН ПАНЧЕВСКИ, член на Извршниот одбор на ССРНМ;
4. ДИМЧЕ СТОЈАНОВ-МИРЕ, потпретседател на Матицата на иселениците;
5. ФЕМИ МУЧА, потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи;
6. д-р НИКОЛА СОТИРОВСКИ, вонреден професор на Правниот факултет;
7. ДОНЕ ИЛИЕВСКИ, потсекретар во Извршниот совет; и
8. претседателот на Комисијата за верски прашања на град Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ."

Бр. 3141
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**301.**

Врз основа на член 34 став 3 од Законот на Републичката управа, Собранието на Социјалистичка Република Македонија по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор и на седницата на Соборот на општините одржани на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО

I. Во Републичката комисија за културни врски со странство се именуваат:

а) за претседател ВЛАДО МАЛЕВСКИ, писател;

б) за членови:

1. БОРКА ЛАЗЕВСКИ, академски сликар;
2. ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ, директор на Народниот музеј во Охрид;
3. МЕТОДИЈА РАЗМОВСКИ, управник на Народната библиотека и претседател на Културно-просветната заедница во Битола;
4. ЛАЗО СОФИЈАНОВ, професор по ликовна уметност во гимназијата во Кратово;
5. д-р ИВАН ПЕТРОВ, професор на Природно-математичкиот факултет;
6. ПЕТАР Т. БОШКОВСКИ, писател;
7. БОЖИН ПАВЛОВСКИ, главен уредник на Издавачкото претпријатие „Мисла";
8. ПЕТАР ЧОКРЕВСКИ, советник во Бирото за односи со странство при Извршниот совет на СРМ;
9. маг. ДИМИТАР ДИМИТРОВ, социолог;
10. КСЕНИЈА ГАВРИШ, генерален секретар на Просветно-културната заедница на СРМ;
11. д-р ВЕЛИМИР БРЕЗОВСКИ, научен соработник во Институтот за национална историја;
12. ХИРСИТ РИФАТ, директор на Турската драма во Театарот на албанската и турската народност;
13. ГАНЕ ТОДОРОВСКИ, писател;
14. ДРАГОЉУБ ДИМОВСКИ, директор на Народниот театар во Куманово;
15. МУРТЕЗА ПЕЗА, главен уредник на емисијата за народностите во Радио—Скопје;
16. ПЕРО КЕЦКАРОВСКИ, пом. републички секретар на Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура;
17. ОГЊАНОВСКИ РАДОСЛАВ, уредник во „Нова Македонија";
18. ПЕТРЕ БОГДАНОВ-КОЧКО, музичар;
19. ТОДОРКА КОНДОВСКА-ЗАФИРОВСКА, артистка;
20. д-р МИЛАН ЃУРЧИНОВ, професор на Филозофскиот факултет.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3142
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**302.**

Врз основа на член 17 од Законот за стопанските судови („Службен лист на СФРЈ" бр. 7/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕТО НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР И НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО КОЕ СЕ ОДОБРУВА ПРИТВОР НА ИВАН НЕСТОРОВ ПОПОСКИ, СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

1. Се потврдува Одобрението на Мандатно-имунитетната комисија на Републичкиот собор и на Мандатно-имунитетната комисија на Соборот на општините на Собранието на СРМ за притвор на Иван Несторов Попоски, за кривично дело поткуп предвидено и казниво по член 325 од Кривичниот законик.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3149
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**303.**

## ПРЕПОРАКА

### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И РАБОТА НА ВНАТРЕШНАТА КОНТРОЛА ВО РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Тргнувајќи од уставното начело дека самоуправувањето на работните организации го опфаќа и правото и должноста на работните луѓе да обезбедат внатрешна контрола и јавност во работата, а имајќи го предвид значењето и улогата на внатрешната контрола во спречувањето и отстранувањето на разни незаконитости и недостатоци во работењето на работните организации, посебно во користењето и располагањето со општествените средства, Соборот препорачува:

I

1. Самоуправните органи на работните организации во своите статути и други општи акти да го утврдат начинот на остварувањето на самоуправувањето на работните луѓе во вршењето на внатрешната контрола, со формирање и организирање на соодветните органи на внатрешна контрола и поконкретно регулирање на нивниот делокруг и начин на работење.

2. Статусот и организацијата на внатрешната контрола треба да одговара на видот, природата и условите на работењето на работната организација. Внатрешната контрола може да биде организирана како посебна комисија — одбор или стручна служба на органите на самоуправувањето и раководењето, но со потребната самостојност и непосредна одговорност за својата работа и пред самоуправните органи и пред самата работна заедница.

3. Внатрешната контрола треба да ги опфати сите организациони единици на работната организација и да биде присутна насекаде каде што може и мора да се проверува исправноста и квалитетот на работата, а не само во материјално-финансиското работење.

4. Во вршењето на својата работа внатрешната контрола треба да дејствува, во прв ред, превентивно и инструктивно, со основна задача да ги уочува причините, условите и околностите што можат да доведат до противзаконита дејност на поединци, но истовремено да биде во можност на време да ги открива и неправилностите, недостатоците и недозволените дејствија сторени во работењето на работните организации.

5. Работниците што вршат или учествуваат во вршењето на внатрешната контрола треба да бидат со потребна стручна спрема и способни за квалитетна контрола и откривање на недостатоците и пропустите како и за анализирање на појавите и проблемите уочени во вршењето на контролата.

6. Службата за внатрешна контрола треба редовно, во определен временски период, да поднесува извештај до органите на управувањето и раководењето како и до работната организација или единица, за уочените појави, утврдени недостатоци и пропусти и за резултатот од својата работа.

7. Вршењето на внатрешната контрола не треба да биде должност само на лицата кои се непо-

средно задолжени со тие задачи, туку и на сите членови на работниот колектив, кои треба посредно или непосредно да влијаат врз правилното и уредно работење во работната организација.

II

Соработката меѓу службите за внатрешна контрола, од една страна, и инспекциите и Службата за општествено книговодство, од друга страна, треба да се развива преку укажување меѓусебна помош за благовремено спречување и откривање на неправилностите во работењето на работните организации, со правилна примена на прописите, известување или објаснување и сл.

III

Соборот смета дека е корисно општинските собранија да го проучат прашањето за обезбедувањето и работата на внатрешната контрола во работните организации од своето подрачје и да укажат на потребата од нивното организирање и развивање.

IV

Комисијата за општествен надзор на Собранието на СРМ да го следи спроведувањето на оваа препорака и за тоа повремено да го известува Стопанскиот собор.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2323
10. X. 1969 година
Скопје

Претседател
на Стопанскиот собор,
**Страшо Христов**, с. р.

**304.**

Просветно-културниот собор на Собранието на СР Македонија, на својата седница од 27 мај 1969 година, ги претресе материјалите „Успехот на учениците во основните училишта и мерките за негово подобрување", „Успехот на учениците во гимназиите и мерките за неговото подобрување", „Бројната состојба и квалификационата структура на наставничкиот кадар во основните училишта" и „Квалификационата структура на наставничкиот кадар во средните училишта" презентирани од Републичкиот завод за унапредување на школството и врз основа на член 140 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 8 октомври 1969 година, донесе

## ПРЕПОРАКА

### ЗА ПОДОБРУВАЊЕ УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И КВАЛИФИКАЦИОНАТА СТРУКТУРА НА НАСТАВНИЧКИОТ КАДАР ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Од материјалите и од дискусијата на Соборот произлегува дека во изминатиот период се постигнати значителни резултати во однос на ширењето мрежата на основните и средните училишта, опфаќањето на учениците со задолжителното образование и поголемиот прилив на учениците од средните училишта, квантитативно, а во прилично голема мера и квалитативното подобрување на квалификационата структура на наставничкиот кадар и слично, што на одреден начин имаше влијание врз постигнатиот успех во училиштата. Меѓутоа, успехот во основните училишта и гимназиите сè уште не задоволува наполно, што се гледа како од прилично големиот број на ученици што го повторуваат класот, така и од бројот на учениците што завршуваат со добар и доволен успех.

Недоволниот успех во образовно-воспитната работа и проблемите во врска со квалификационата структура на наставничкиот кадар можат да се разгледуваат и осветлуваат во врска со неколку позначајни појави и процеси, карактеристични за сегашниот степен на развојот на воспитувањето и образованието во нашето општество:

— Недоследната успешност во примената на принципот за распределба на доходот според вложениот труд и постигнатите резултати, како и недоизграденоста на адекватен систем за вреднување на воспитно-образовните институции ги попречуваат настојувањата за рационализирање и модернизирање на воспитно-образовните процеси, не создаваат погодна основа за соодветно материјално стимулирање на наставниците и училиштата и не ги забрзуваат процесите на нивното диференцирање според постигнатите резултати.

— Материјалната основа на воспитно-образовниот процес е недоволна и не е во сообразност со потребите и тенденциите на современиот развиток на воспитувањето и образованието. Училишниот простор, опремата на училиштата, како и опремата на кабинетите со наставни средства и учебни помагала не даваат доволно можности, особено во одделни училишта и региони, да се стимулира и изведува современа и квалитетна настава. Средствата со кои располагаат одделни општински собранија за решавање на овој проблем се недоволни.

— Појавата на недоволниот успех и недостатната материјална и кадровска опременост и оспособеност на училиштата се последица и од постојната спротивност меѓу барањата на модерната и развиената концепција на основното училиште и објективните неможности за нејзината реализација, особено во одделни понеразвиени региони и места. Во оваа смисла, отворените проблеми на финансирањето и остварувањето на општествената солидарност создаваат тешкотии на училиштата и наставниците што работат во вакви установи и доволно не ги стимулираат за поуспешна и поинтензивна работа.

— Мрежата на основните училишта секогаш не се сообразува со конфигурацијата на теренот и економскиот потенцијал и перспектива на средината, со демографските состојби и миграционите движења, што придонесува таа да биде недоволно рационална и неадекватна на развојните потреби на одделни региони. Поради тоа, карактеристична е појавата на мошне голем број четиригодишни училишта, а недоволен број на осумгодишни училишта. Сите овие процеси и тенденции негативно влијаат врз квалитетното и целосното реализирање на задолжителното осумгодишно школување.

— Причина за неуспехот е и евидентната неадекватна оптовареност на учениците која, меѓу другото, е условена од: обемот на содржините во одделни наставни предмети, одделенија и класови, доминантноста на предавачкиот карактер на наставата, ниската продуктивност на наставните часови, несообразноста на домашните задачи, ориентацијата наставата повеќе да има информативен, а помалку формативен карактер и слично. Во оваа смисла, оптовареноста на учениците ја зголемува и постојната програмска одвоеност и содржинска дисконтинуираност меѓу училиштата од I и II степен. Со оглед на воопштеноста на програмата се создаваат можности за различно определување обемот и длабочината на содржините. Постојната практика на изработување, следење и вреднување на наставните планови, програми, учебници, особено во условите на интензивниот пораст на научните сознанија и техничките иновации, а и со оглед на зголемувањето на популаризацијата на учениците со разновидни способности и афинитети, се одликува со соодветна елементарност, а во извесна смисла и со недоволна научна заснованост. Постои, исто така, и извесна несообразеност на дел од постојните учебници со наставните про-

грами и возрастите на учениците, како и практиката во наставата по некои наставни предмети во гимназиите да се користат учебници пишувани на друг јазик.

— Традиционалниот начин на воспитно-образовната работа е сè уште доминантна практика во поголем број училишта. Сме соочени со појави на недостатно: развиен содржајно богат систем на воспитно-образовни дејности во нашите училишта, богати и разновидни хуманизирани односи, изграден систем на следење на успехот и напредокот на учениците, богата практика на индивидуализација на наставните и воспитните процеси, изградување на училиштето во центар за посестрано формирање и манифестирање на младите личности, покажување иницијатива за совладување на одделните елементи на педагошката монотонија, а за воведување на педагошки иновации и сл.

— Како причина за недоволниот успех на учениците се јавуваат, исто така, и тенденциите на недоволното отворање на одделни училишни колективи кон општествената средина и нејзините потреби, недоследното изградување на училиштето во центар за јавна и културно-просветна дејност во средината, непостоењето на готовност за прифаќање на млади и стручно квалификувани кадри, а со тоа и за подобрување на квалификационата структура, отсуствување на соработка меѓу училиштата од разни степени и типови и слично.

— Недоволниот успех на учениците, покрај другото, е условен од непостоењето на изградени и во практиката успешно применуван систем за стимулирање, наградување и насочување на успехот и напредокот на учениците. Традиционалниот стил на воспитно-образовната работа не создава погодна основа за успешно мотивирање на учениците, за доживување на радости и пријатности, за непосредно доживување смислата на она што се учи, на учењето воопшто, за изградување на перспектива. Отсуствува и изграден систем на натпревари, смотри, олимпијади и други стимулативни мерки преку кои би се добивале разни видови награди, пофалби, дипломи и други видови признанија за постигнатиот успех и покажаните резултати. Недостатни се настојувањата системот на следењето и оценувањето на напредокот на учениците да добијат белези на перманентно и функционално училишно и професионално ориентирање. Отсуствува и практиката да се кредитираат и стипендираат учениците што покажуваат посебни способности и резултати, а се материјално загрозени.

— Недоволната квалификациона структура на наставничкиот кадар и несоодветната стручност на извесни категории наставници во одделни училишта и региони условува недоволно квалитетна и успешна работа и резултати на учениците. Меѓутоа, за ова придонесуваат и некои наставници и училишта кои, наспроти адекватната квалификациона структура, се носители на неквалитетна воспитно-образовна работа, на недоволна загриженост и ентузијазираност за модернизирање и рационализирање на наставната работа. Во оваа светлина треба да се посматраат и нерешените проблеми во врска со стручното и педагошко-психолошкото образование и перманентното усовршување на наставничкиот кадар, како и појавата на таканаречената негативна селекција на кандидатите за наставничкиот позив.

— Посебен фактор кој посредно влијае врз карактерот и успехот во воспитно-образовната работа е просветно-педагошката служба во Републиката. Поради некомплетираноста, организационата несреденост и се уште неопределеното место и улога на овие институции во системот на образованието, тие не се во состојба кадровски и со методологијата на работата да обезбедат пообјективен и ефикасен систем на следење, проучување, усовршување и менување на воспитно-образовната практика.

— Другите фактори што дејствуваат надвор од училиштето, а во чија надлежност е да ја регулираат и унапредуваат неговата работа, не успеале до крај да ги оформат сите нужни нормативни акти и во таа смисла да им помогнат на училиштата за нормирање на нивната внатрешна организација и работа. Отсуствуваат, исто така, соодветни настојувања за обезбедување на училиштата и одделните наставници, со одделни наставни помагала, средства, текстови, прирачници, модели на одделни планови, мерни инструменти, упатства за работа и слично.

— Општествено-политичките заедници, високите и вишите школи за образование на наставничкиот кадар и општествените и културните организации и институции, кои на одреден начин се поврзани со воспитувањето и образованието на децата и младината, недоволно влијаат и недоволно ја реализираат својата функција на планот на поврзувањето и соработката со училиштата.

Тргнувајќи од горните констатации, а со цел да се придонесе за натамошното подобрување на успехот во основните училишта и гимназиите и за подобрување на квалификационата структура на наставниците во основните и средните училишта, Просветно-културниот собор на Собранието на СР Македонија

## ПРЕПОРАЧУВА

1. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, Републичкиот завод за унапредување на школството, заедниците за образование и училиштата треба да настојуваат да ги забрзуваат процесите на преобразување на општествено-економските односи во сферата на образованието и поинтензивно да ги создаваат претпоставките за успешно изградување и применување на адекватен систем за вреднување на воспитно-образовната работа во училиштата. За ова е потребна и помошта од потесните и пошироките општествено-политички заедници.

2. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, Републичката заедница за образование и основните заедници за образование, врз основа на досегашните анализи и согледувања од примената на Законот за финансирање на образованието, да предложат соодветни решенија за неговото усовршување со цел до крај да се искористат и да се изнајдат и други постабилни и поадекватни извори за финансирање на образованието.

3. Општинските собранија, Републичката и основните заедници за образование треба да обезбедат, преку соодветни законски прописи и други нормативни акти, стабилни извори за финансирање на инвестиционата изградба и доградба на училиштата.

4. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура и Републичкиот завод за унапредување на школството да изработат и донесат педагошки нормативи за опрема на училиштата со инвентар и наставни средства што ќе послужат за верификација и реверификација на работата на училиштата.

5. Општинските собранија, основните училишта и работните и другите организации треба да настојуваат да обезбедат материјални средства за воведување продолжен престој на учениците во училиштата, за организирање на училишни кујни, превоз на ученици или сместување во домови, а за недоволно материјално обезбедените ученици — и бесплатни учебници и училишен прибор.

6. Општинските собранија и основните заедници за образование, во сообразност со програмите за развитокот на основните училишта, треба да настојуваат со мрежата на основните училишта да обезбедат целосно опфаќање на децата што подлежат на задолжително школување и постепено редуцирање на работата во повеќе смени, а врз

основа на стручни критериуми да придонесуваат за натамошно рационализирање на постојната училишна мрежа, за намалување бројот на малите четиригодишни училишта и зголемување бројот на осумгодишните училишта. Слични настојувања се потребни и во однос на рационализирањето и сообразувањето на мрежата на средните училишта и насоките на нејзиното натамошно развивање.

7. Просветно-педагошката служба во Републиката да организира постојано следење, проучување, проверување и усовршување на воспитно-образовните процеси со цел за нивно натамошно рационализирање и модернизирање. Посебни мерки треба да се преземат во поглед на вреднувањето на адекватноста на програмските содржини и учебници и изработувањето на образовни стандарди. На тој начин треба да се создава реална основа за успешна работа на училиштата и за примена на модерна педагошко-дидактичка концепција која одговара на потребите на образованието и воспитанието во нашето самоуправно општество.

Истражувачките дејности и стручната работа во областа на образованието да се актуелизира и интензивира, а нивните резултати да се направат достапни на педагошката и другата јавност. Натамошниот забрзан напредок не може да се замисли без огледни и експериментални училишта во чие финансирање треба да учествуваат и пошироките општествено-политички заедници, заедниците за образование и фондовите за финансирање на научните дејности. За оваа цел треба да се искористат научните и стручните кадри во Републиката, истакнатите наставници, разните профили на стручњаци и др.

Просветно-педагошката служба во Републиката, високите и вишите школи што подготвуваат наставнички кадри и издавачките претпријатија да придонесат за изработка на најразновидни наставни помагала, како: прирачници, упатства, рамковни планови за работа, програмирани секвенции, мерни инструменти, аудиовизуелни наставни средства и друго.

8. Во училиштата да се негуваат разновидни иновации во воспитно-образовната работа. Да се поттикнува и стимулира, материјално и морално, иницијативата и самостојноста на наставниците за креативно обликување на воспитно-образовните процеси и нивното индивидуализирање, за изградување на училиштето во центар за целосно воспитување и афирмирање на ученикот како личност во развој и сл.

9. Да се стимулираат процесите за побрзо и поадекватно развивање на психолошко-педагошката служба во училиштето. Во оваа смисла е потребно, исто така, да се најдат соодветни решенија за афирмирање на педагошката компонента во функцијата на директорот на училиштето. Јакнењето на педагошко-психолошката служба во училиштето претставува значајна претпоставка за хуманизирање на атмосферата во училиштето, за покажување грижи за секој ученик посебно и за изградување на систем на следење на успехот и напредокот на учениците кој, меѓу другото, ќе има и функција на училишна и професионална ориентација.

10. Проблемот на учебниците, како во однос на нивниот квалитет така и во однос на процедурата и техниката на издавањето, треба што поскоро да се реши. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура треба да презентира материјал преку кој ќе се предложи подобра организациона и функционална поставеност на издавањето на учебниците, а Републичкиот завод за унапредување на школството постојано да го следи квалитетот на учебниците како и нивната прилагоденост на возраста на учениците и наставната програма. Во таа смисла нужно е да соработува со издавачките претпријатија за учебници и прирачници, укажувајќи им помош.

11. Успехот на одделни категории ученици може да се подобрува и на тој начин, ако училиштето со својата содржина и начин на работа поуспешно и пофункционално се ориентира кон животните потреби на младите. Во оваа смисла е потребно, со ориентирање на одделни наставни предмети, интензивирање на работата во ученичките задруги и содржините на слободните активности да се олесни преминот во процесот на работата на учениците од земјоделски или други региони кои не го продолжуваат школувањето.

12. Да се пристапи кон изградување систем на стимулирање, наградување и насочување на успехот и напредокот на учениците. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, врз основа на стручно образложена концепција, да донесе законски прописи за најразлични стимулативни мерки и признанија за учениците. Да се развива практиката на кредитирање и стипендирање на учениците што покажуваат посебни способности и резултати, а се материјално загрозени.

13. Да се обезбеди подоследно и позабрзано реонизирање на законските прописи во врска со подобрувањето на квалификационата структура на наставничкиот кадар во училиштето.

Високите и вишите школи што подготвуваат наставнички кадри треба да обезбедат посолидно стручно и методско педагошко образование на идните наставници. Во соработка со нив, Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура и Заводот за унапредување на школството да изградат систем за перманентно стручно и педагошко усовршување, а самоуправните органи на училиштата да создадат подобри услови за самообразование и стручно усовршување на наставничкиот кадар во процесот на работата.

Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, Републичкиот завод за унапредување на школството, Републичката заедница на образованието и Републичкиот секретаријат за народна одбрана, имајќи го предвид мислењето на здружението на наставниците по предвојничка обука на Социјалистичка Република Македонија, во најкраток можен рок да го решат прашањето со статусот, профилот и начинот на оквалификувањето на постојните и идните наставници по предвојничка обука.

14. Да се вложат посебни напори поопределено да се дефинира карактерот, задачите и организационата поставеност на просветно-педагошката служба во Републиката. За таа цел, да се изготви предлог и да се достави на разгледување пред овој Собор.

15. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура и Републичкиот завод за унапредување на школството да преземат мерки за доизградување и дооформување на системот на образованието врз основа на интенциите содржани во Нацртот на резолуцијата за развој и усовршување на системот на образованието, да ја преиспитаат постојната практика и да ги усогласат законските прописи и другите нормативни акти врз кои ќе се засновува работата на училиштата.

16. Општествено-политичките заедници, високите и вишите школи за образование на наставничкиот кадар и општествените и културните организации и институции треба да остварат потесни контакти со училиштата и на тој начин да извршат позитивно влијание врз нивната работа, а пак самите училишта, низ меѓусебна соработка и поврзувајќи се со општествената средина, да придонесат за постигнување подобри резултати во воспитно-образовната работа и во културното издигање на средината во која дејствуваат.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3193
10. X. 1969 година
Скопје

Претседател
на Просветно-културниот
Собор,
**Драги Тозија, с. р.**

**305.**

Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на својата седница одржана на 3 јули 1969 година, ги претресе материјалите: Општ развиток, достигања и задачи на Институтот за национална историја, дејноста и работата на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од неговото формирање до денес и дејноста, проблемите и перспективите на Институтот за фолклор на СРМ, па врз основа на член 158 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 1969 година,

ЗАКЛУЧИ

Дека досегашната работа на овие институции може да се оцени како достигнување од трајно и пошироко значење, не само во областа на научните дејности, туку, и пред сè, во нивната функција на незаменливи конституенти на македонската национална култура.

Соочени со бројни и комплексни проблеми што произлегуваат од нивната голема научна и општествена одговорност; вршејќи пионерска улога во фазата на активното консолидирање и организирање на македонската нација; работејќи во услови што ги карактеризира отсуство на каква и да било организирана научна традиција, Институтот за национална историја, Институтот за македонски јазик и Институтот за фолклор на СРМ успешно ја извршиле својата научна, национална и општествена функција и изградиле сериозна основа за својот сестран развој.

Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ констатира дека во овие институции се одвивале напоредно процесите на кадровското консолидирање, прибирање и пополнување на фондовите со научна и друга документација и архивски материјал издавачката и пред сè научната активност. Во овој период се објавени бројни научни студии од трајно значење за националната историја и култура, презентирани ѝ се на научната јавност во земјата и во странство документи од големо значење за објективен и научен третман на историските и културните настани, во организацијата на овие институти се одржани бројни научни средби низ кои е проверен и потврден значајниот придонес на младата македонска наука од областа на националните дисциплини, не само за натамошниот развој на научната мисла кај нас, туку, и пред се, во областа на словенската историографија, лингвистика и фолклор. Во таа смисла речникот на македонскиот јазик и историјата на македонскиот народ претставуваат дела од капитално значење за нашата современа наука и култура.

Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ заклучи дека е голема научната, националната и општествената одговорност на овие институции и дека во условите под кои се развива македонската култура и наука, нивното значење треба сè повеќе да се поистоветува со најсуштинските интереси и потреби во сестраниот развој на СР Македонија. Потребата од натамошен, доследен научен и марксистички третман на историографската документација и граѓа, е предуслов не само за развојот и перспективите на одговорната мисија на овие институции, туку, и пред сè, прашање на доследноста во научниот пристап на македонската историја и култура.

Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ исто така заклучи дека во постојните услови во кои работат овие институции е неодложно натамошното зацврстување и доизградување на самоуправниот систем во нив, не само како процес што ќе обезбеди сигурна основа за посовремен и поправичен метод на вреднување и наградување, туку ќе **го забрза и вклучувањето на младите и талентирани научни кадри, ќе ги забрза процесите на интегрирање во оние области,** чија проблематика во еден подолг период, експонира претпоставки за едно сериозно анализирање на тие можности, ќе ја координира мошне значајната, но расцепкана, издавачка дејност и ќе се отворат за сите општествени професионални структури, кои во соработката со овие институции наоѓаат и свој посебен интерес. Токму поради тоа, Просветно-културниот собор заклучува дека досегашниот систем на финансирање на овие институти обезбедува егзистирање, но не ги согледува доволно потребите во нивниот натамошен развој, не го овозможува исцело стручното усовршување на кадрите, подмладувањето на научниот состав и презентирањето на нашата документација и граѓа на соодветни научни собири или преку научни публикации. Просветно-културниот собор заклучува дека институтите ќе треба да вложат големи напори за да го доизградат системот на нивната организација како предуслов за подолгорочни програмирања и истражувања во оние области што претставуваат траен и широк интерес за натамошниот развој на македонската наука и култура.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3194
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Просветно-културниот собор,
**Драги Тозија,** с. р.

# КОНКУРСИ

ЖЕЛЕЗНИЧКО-ТРАНСПОРТНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ — СКОПЈЕ

распишува

**КОНКУРС**

за директор на Погон за инвестиции — Скопје
Конкурсни услови:

Покрај исполнувањето на општите услови од Основниот закон за работни односи и Правилникот за работни односи на ЖТП — Скопје, кандидатот треба да ги исполнува следните услови;

1. да е дипломиран градежен, електро или сообраќаен инженер со положен стручен испит,

2. да има работно искуство од најмалку 5 години, од кои 3 години на раководни работни места.

За избор доаѓа во предвид само кандидат кој, покрај исполнувањето на горните услови, се афирмирал во досегашната работа како добар стручњак, успешен раководител и познавач на проблемите на самоуправувањето.

Личниот доход според Правилникот за личните доходи на погонот.

Поднесокот се доставува до конкурсната комисија на ЖТП — Скопје.

Со поднесокот треба да се постават: биографија за движењето во службата, доказ за видот и степенот на образованието и доказ за работниот и раководниот стаж.

Некомплетираните молби до денот на траењето на конкурсот нема да се земаат предвид.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на СРМ“.

За резултатот од конкурсот кандидатите ќе бидат известени во рок од 8 дена по заседанието на органот што врши избор. (1179)

Конкурсната комисија на „Стокопромет" екс-порт-импорт, Скопје и „Уникоимпекс"

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

I. СЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ:

1. Шеф на агенцијата за туризам
2. Самостоен референт за надворешен туризам
3. Двајца самостојни референти за внатрешен туризам
4. Приправник.

II. СЕКТОР ЗА УВОЗ-ИЗВОЗ, ЗАСТАПНИШТВА И РЕЕКСПОРТ

1. Шеф на Одделението за застапништво на странски фирми и консигнација
2. Шеф на Одделението за реекспорт

УСЛОВИ:

Покрај основните услови од Основниот закон за работните односи и други прописи, кандидатите треба да ги исполнат и овие:

— за работните места под I од 1 до 2 и под II — двете: висока, виша или средна школска или стручна подготовка со 4, 6 или 8 години работно искуство на туристичка односно надворешно-трговска дејност (работи);

— за работното место под I—3: висока, виша или средна школска или стручна подготовка со 2, 4 или 5 години работно искуство на туристички работи;

— за работното место под I—4: средна школска подготовка со познавање на англискиот јазик.

Познавање на светски јазици: за работните места под I—1 и под II еден од светските јазици, а за работните места под I—2 и 3 по два светски јазици.

За работните места под I—1, 2 и 3: поседување на возачка дозвола „Б" категорија.

— да не се под истрага, а за оние од меѓународно трговско работење таква дејност да не им е забранета.

Конкурсот останува отворен 15 дена по објавувањето односно до пополнување на работните места. Пријавите заедно со доказите за исполнување на конкурсните услови се поднесуваат до секретаријатот. Некомплетирани пријави нема да се земат во разгледување. За резултатот на конкурсот секој учесник на конкурсот ќе биде писмено известен во рок од 10 дена по заклучување на конкурсот. (1178)

---

Службата на општественото книговодство-филијала 410 — Охрид,

распишува

**КОНКУРС**

за прием на:

— еден приправник со завршен економски факултет II степен.

Со молбата, кандидатите ќе треба да ги достават следните документи:

— диплома за завршен економски факултет;
— лекарско уверение;
— извод од книгата на родените;
— уверение за социјално-економската положба;
— потврда од надлежниот завод за запослување дека кандидатот бил пријавуван како незапослен;
— кратка биографија;
— да ја има завршено воената обврска.

Некомплетираните документи не се земаат во предвид при изборот.

Молбите се испраќаат до СОК — филијала — Охрид.

Личниот доход според Правилникот за лични доходи.

Конкурсот трае до пополнувањето на приправничкото место.

СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 20 од Законот за судовите од општа надлежност и член 7 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 42/65) во врска со Амандманот II на Уставот на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија соопштува дека ќе врши избор на судии на окружни и окружни стопански судови и тоа:

— на Окружниот суд — Скопје 1 судија;

— на Окружниот суд — Штип 2 судии;

— на Окружниот стопански суд — Скопје 1 судија.

— на Окружниот стопански суд — Штип 1 судија.

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите од член 40 од Основниот закон за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ" бр. 7/65), можат да се пријават до Собранието на СР Македонија — Комисија за прашање на изборите и именувањата, во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на соопштението.

ОД СОБРАНИЕТО НА СРМ

**СОДРЖИНА**

Страна


297. Закон за републичките судски такси — 709
Таксена тарифа — — — — — — — — 710
298. Одлука за образување на заедничка комисија на Републичкиот и Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ за организирање и следење на јавната дискусија за доградба на системот на пензиското и инвалидското осигурување — — — — — — — — — — 717
299. Одлука за избор на претседател и членови на заедничката комисија на Републичкиот и Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ за организирање и следење на јавната дискусија за доградба на системот на пензиското и инвалидското осигурување — — — — — — 718
300. Одлука за именување на претседател и членови на Републичката комисија за верски прашања — — — — — — — 718
301. Одлука за именување претседател и членови на Републичката комисија за културни врски со странство — — — — 718
302. Одлука за потврдување на Одобрението на Мандатно-имунитетната комисија на Републичкиот собор и на Мандатно-имунитетната комисија на Соборот на општините на Собранието на СРМ со кое се одобрува притвор на Иван Несторов Попоски, судија на Окружниот стопански суд во Скопје — — — — — — — 719
303. Препорака за обезбедување и работа на внатрешната контрола во работните организации — — — — — — — — — — 719
304. Препорака за подобрување успехот на учениците и квалификационата структура на наставничкиот кадар во основните и средните училишта — — — — — — 720
305. Заклучок на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ, бр. 3194/69 — — 723


Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември" бр. 10а. Пошт фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје